Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 22а од Законот за спорт („Службен весник на РМ" бр. 29/02 и 66/04), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден ___.12.2024 година, донесе

ПРОГРАМА
за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади
во 2025 година

## *I. Појдовна основа*

Остварувањето на активностите во областа на спортот и младите во Општина Демир Хисар во 2025 година се заснова на Законот за локална самоуправа и Законот за спорт.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на активностите во областа на спортот и младите.

## *II. Цели*

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт, млади и подршка на здруженија на граѓани во 2025 година се:

1. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани.
2. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во Општината Демир Хисар.
3. Афирмација на Општина Демир Хисар во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## *III. Активности*

При креирањето на Програмата Општина Демир Хисар ги имаше во предвид и предлозите на граѓаните и здруженијата на граѓани согласно член 22а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02 и 66/04 год.)

За реализирање на целите на оваа Програма општина Демир Хисар ќе ги презема сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на овие активности најмногу ќе се насочуваат кон сочување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Демир Хисар во државата и надвор од неа.

<table>
<tr><th rowspan="2">Ред. бр.</th><th rowspan="2">Активности</th><th rowspan="2">Рок</th><th rowspan="2">Носител</th><th colspan="3">Предвидени средства</th><th rowspan="2">Вкупно</th></tr>
<tr><th>Општина Д. Хисар</th><th>АМС</th><th>Други извори</th></tr>
<tr><td></td><td colspan="7">Финансиска поддршка на истакнати спортисти и спортски клубови од Општина Демир Хисар</td></tr>
<tr><td>1</td><td>Финансиска поддршка на истакнати спортисти од Општина Демир Хисар</td><td>по доставени барања</td><td>Општина Д. Хисар</td><td>10.000,00</td><td>/</td><td></td><td>10.000,00</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Финансиска поддршка на спортски клубови од Општина Демир Хисар</td><td>по доставени барања</td><td>Општина Д. Хисар</td><td>200.000,00</td><td>/</td><td></td><td>200.000,00</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="7">Финансиска и техничка поддршка на традиционални турнири и манифестации</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Финансиска поддршка на билјард-турнир Станко - 2025</td><td>јануари</td><td>Општина Д. Хисар</td><td rowspan="3">53.000,00</td><td></td><td></td><td rowspan="3">53.000,00</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Финансиска поддршка на 6-ти хуманитарен меѓуинстуционален турнир во мал фудбал - 2025</td><td>март-април</td><td>Општина Д. Хисар</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>5</td><td>Финансиска поддршка на традиционален турнир во мал фудбал Валентин Стефановски - 2025</td><td>ноември-декември</td><td>Општина Д. Хисар</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6</td><td>Финансиска поддршка на традиционален турнир во мал фудбал Виктор Илиевски - 2025</td><td>септември</td><td>Општина Демир Хисар</td><td>20.000,00</td><td>/</td><td></td><td>20.000,00</td></tr>
<tr><td>7</td><td>Финансиска поддршка на талентирани млади лица од Општина Демир Хисар</td><td>по доставени барања</td><td>Општина Д. Хисар</td><td>17.000,00</td><td>/</td><td></td><td>17.000,00</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="6">Вкупно:</td><td>300.000,00</td></tr>
</table>

## *IV. Финансирање*

Финансирањето на активностите утвдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Демир Хисар, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат ангажирани дооплнителни средства од буџетот на општината.

## *V. Други форми на делување*

Освен со финансиски средства Општина Демир Хисар спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови на помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивни интерес,
- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот,

- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

### ***VI. Завршни одредби***

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа програма во делот на спортот ќе се одвива преку Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-____/__ | Совет на Општина Демир Хисар |
| ___.12.2024 година | Претседател, |
| Демир Хисар | Љупчо Најдовски |